Здружение за психосоцијален и професионален развој
ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС
Бр. 01-911
23.02 2026 год.
Струга

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

на Здружение за психосоцијален и професионален развој
ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

**ПЕРИОД НА ИЗВЕСТУВАЊЕ**: Мај - Декември 2025 ГОДИНА

# ВОВЕД

Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга со датум на основање од 30.04.2025 година и со упис на основање во Централниот регистар на Република Северна Македонија од 19.05.2025 година (прием на пријавата на 07.05.2025 година). Надлежен регистар е Регистарот на здруженија и сојузи. Органи на Здружението, согласно Статутот, се Собранието и Претседателот – овластено лице за застапување на Здружението. Првиот претседател е Даниела Несторoска, именувана односно изгласана од страна на Собранието. ЕМБС на Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга е 7847203, додека ЕДБ е 4026025546575.

Визијата на Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга е значително да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на сите заинтересирани за постигнување, унапредување и/или одржување на својата психосоцијална и професионална добросостојба, како и посветено и квалитетно да пружа помош и поддршка во процесот на достигнување оптимална психосоцијална и професионална добросостојба преку соодветна и квалитетна едукација, консултации и советување за сите заинтересирани. Основните цели коишто Здруженеито се стреми да ги оствари се следните: Зголемување на свесноста за важноста на менталното здравје и психосоцијалната добросостојба; Создавање на безбедна, достапна и доверлива средина за психосоцијален и професионален развој во заедницата; Овозможување психосоцијална поддршка и советување насочени кон справување со животни промени и предизвици, справување со кризни ситуации, градење резилиентност и откривање и развој на сопствените потенцијали; и Овозможување кариерна поддршка и советување насочени кон унапредување на професионалниот развој и јакнење на знаењата и вештините за зголемување на вработливоста и конкурентноста на пазарот на труд.

Со основањето на Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга, започна и работата и активностите насочени кон остварување на мисијата, визијата и целите на Здружението.

Во продолжение следува подетален извештај за финансиското работење на Здружението за периодот на известување Мај - Декември 2025 година.

1. **Одговорно лице и овластени лица за финансиското работење на Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга**

Согласно Статутот на Здружението, претседателот го претставува и застапува и е наредбодавател во обласна на материјалното и финансиското работење. Исто така, претседателот е одговорен за подготвување и навремено, објективно и точно презентирање на финансиските извештаи и поднесува финансиски извештај за тековната година до Собранието, како и ја потпишува завршната годишна сметка за приходи и расходи на Здружението.

Согласно Член 37 од Статутот на Здружението, истото води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон. Претседателот, во рамките на своите права и овластувања, го овласти сметководителот М.Т. за полномошник на сметките на Здружението и за водење на сметководството на Здружението.

2. **Сметки на Здружението**

Здружението има 2 трансакциски сметки во Комерцијална Банка – 1 платежна сметка во девизи на правно лице и 1 платежна сметка во денари на правно лице. Во периодот на известување се користеше само денарската сметка, за покривање на месечните трошоци - наем, струја, сметководител, одржување на сметките.

3. **Стекнување и располагање со средства**

Согласно Член 33 и 34 од Статутот на Здружението, средствата што Здружението ги стекнува се во негова сопственост и со истите се располага согласно Статутот и Законот. Здружението ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС ги употребува своите средства (приходи) исклучиво за остварување на статутарните и програмските цели.

Здружението, согласно Статутот, може да стекнува средства од:
-Донации, прилози, подароци, членарини, спонзорства и сл.;
-Меѓународни организации и фондации;
-Давање на услуги на други здруженија, организации, институции и поединци
-Заедници и од други установи;
-Од трговски друштва и други правни лица;
-Социјални претпријатија воспоставени во рамки на организацијата или од страна на организацијата;
-Од други услуги.

Здружението ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС исто така може да стекнува предмети, парични средства и имотни права, согласно Статутот, Законот за здруженија и фондации и другите позитивно-правни прописи кои важат на територија на Република Северна Македонија.

Во текот на периодот на известување, финансиските приливи односно стекнувањето со финансиски средства на Здружението вклучуваше: донации од физички лица, финансиски средства за реализација на едукативен настан од Општина Струга, уплати од физички лица за услугите на Здружението и уплати за годишна членарина, додека финансиските одливи беа исклучиво за подмирување на месечните трошоци на Здружението – закуп на просторијата (седиштето), сметки за струја, сметководствени услуги, одржување на сметките.

На крајот на 2025 година, сметководителот на Здружението изготви Заклучен лист наместо Завршна сметка бидејќи приливите на Здружението не ја надминуваа сумата од 2.500 евра на годишно ниво, за што согласно Закон доставивме известување до локалниот Централен Регистар во Струга.

## 4. Додатни активности поврзани со финансиското работење на Здружението

Веруваме дека е важно да се спомене дека претседателот со цел надоградување на професионалните компетенции во прилог на подобро

управување со Здружението, зеде учество на дводневна обука за финансиско управување и буџетирање реализирана од страна на Здружение АКВА од Струга во соработка со обучувач од ЦЕФЕ Македонија.

## 5. Финансиска состојба заклучно 31.12.2025 година

Приходите на Здружението во периодот на известување не надминуваа 2.500 евра, со што согласно закон не бевме обврзани да доставиме Завршна сметка, туку информација до локалниот Централен регистар. Наместо Завршна сметка, сметководителот на Здружението изготви Заклучен лист којшто е достапен на увид за секој надлежен и/или заинтересиран за подетален увид во финансиите на Здружението.

Сумарно, приходите на Здружението во периодот на известување изнесуваа:
-24.000,оо од донации;
-30.000,оо од предвидени финансиски средства за здруженија на граѓани и фондации од Општина Струга;
-1000,оо од годишни членарини;
-10.000,оо од спонзорство за едукативна работилница.
Сумарно, расходите на Здружението во периодот на известување изнесуваа:
-3.050,оо денари трошоци за енергија;
-19.782,оо денари за наем на деловна просторија (седиштето на Здружението);
-15.000,оо денари за сметководствени услуги;
-4.214,оо денари за банкарски услуги.

Вишокот на приходите над расходите изнесуваше 22.954,оо денари и истите се пренаменаа за наредната 2026 година за потребите на Здружението - подмирување трошоци за електрична енергија, наем, сметководствени и банкарски услуги како и други потреби коишто тековно ќе се јават, а се во прилог на остварувањето на Статутарните и програмските цели.

6. **Финансиски план за 2026 година**

Финансискиот план за 2026 година ќе биде донесен и базиран на Годишниот извештај за работа на Здружението за 2025 година и Годишниот Финансиски извештај за 2025 година.

7. **Заклучок**

Здружението ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС од Струга има намера во текот на наредната година да посвети повеќе внимание на остварување соработки, зголемување на видливоста и обезбедување финансиски средства во прилог на целосно остварување на Статутарните и програмските цели.

Струга, 23.02. 2026 година

**Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга**

Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

Претседател
Даниела Несторoска